РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ
DREJTORIA PËR SIGURI NGA RREZATIMI
Бр.-Nr. 01-93/1
10.03 20 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" број 58/2000 и 44/2002), член 77 и член 75 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019), како и член 6 од Правилникот за јавни набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/2019,), директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност донесе

# ОДЛУКА
## за јавна набавка

1. Се утврдува јавна набавка на гориво за службени возила за период од 1 (една) година за потребите на Дирекцијата за радијациона сигурност на бул. Партизански одреди бр.143/мезанин, Скопје.
2. Средствата потребни за реализација на јавната набавка од став 1 на оваа Одлука, без вклучен ДДВ, се во износ до 450.000,00 денари. Доделувањето на договорот за јавна набавка ќе се врши според правилата на поедноставена отворена постапка, а ќе заврши со е-аукција.
3. За членови на Комисијата за јавна набавка се назначуваат:

**1. Претседател**
**-Горан Трајков,**

**Заменик на претседателот**
- **Башким Емурљи,**

**2. Член:**
- **Димче Китески,**

**Заменик член**
- **Гордана Николова,**

**3. Член:**
- **Методи Белчовски,**

**Заменик член**
- **Емилија Петрова,**

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Согласно член 77 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019), за потребата од јавна набавка одлучува договорниот орган. Со одлуката за јавна набавка се утврдува предметот на набавката, износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот, начинот и постапката за јавна набавка и се назначува составот на комисијата, како и ангажирање надворешни стручни лица, доколку е потребно. Одлуката за јавна набавка содржи образложение на потребата од набавката. Во одлуката за јавна набавка се наведуваат и причините и образложението за користење на постапките со преговарање, конкурентен дијалог или партнерство за иновации ако договорниот орган спроведува постапка со преговарање, конкурентен дијалог или партнерство за иновации, итните причини за намалување на роковите пропишани со овој закон, како и причините за неделивост на предметот на набавка.

Согласно член 75 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019), врз основа на планираните извори за финансирање, Дирекцијата за радијациона сигурност донесе Годишен план за јавни набавки.

Набавката на стоката од став 1 на оваа Одлука е согласно износот утврден во Годишниот план за јавни набавки на Дирекцијата за радијациона сигурност, меѓутоа постапката за јавна набавка нема да се спроведе со постапка на набавка од мала вредност како што е предвидено на Годишниот план за јавни набавки поради тоа што критериумите за техничка и професионална способност не може да се бараат на овој вид на постапката, и набавката на стоката од став 1 на оваа Одлука ќе се спроведува со поедноставена отворена постапка.

Поради тоа врз основа на погоренаведеното, а согласно член 6 од Правилникот за јавни набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/2019,) според кој Годишниот план не треба да се менува при промена на видот на планираната постапка за доделување на договорот за јавна набавка, се одлучи набавката да се спроведе со поедноставена отворена постапка.

**ДИРЕКТОР**
Светислав Ѓорѓевиќ

*Доставено до:*
*-Архива*
*-Директор*
*-Членовите и замениците на членовите на Комисијата*